ЗАМП
МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА НА
АВТОРСКИ МУЗИЧКИ ПРАВА
ул.М.Теодосиј Гологанов бр.28
тел.02/3122-301 моб. 078 225 406
Ж.С.300000000271636
Дан.Број 4030998346739
Комерцијална Банка АД Скопје
e-mail: zamp@zamp.com.mk

Редовна членка на CISAC
Меѓународна Конфедерација на Друштва на композитори и автори

Редовна членка на BIEM
Меѓународно биро за механички изданија

**Реагирање на ЗАМП**
**Повод: Информацијата на МРТ дека ЗАМП го забранил одржувањето на „Скопје 2016“**

Не се точни тврдењата на МРТ дека поради одлуката за забрана од ЗАМП, МРТ не може да го одржи фестивалот на забавни мелодии „Скопје 2016“.

Согласно законот за авторското право и сродните права, ЗАМП колективно ги управува и ги застапува авторите САМО за објавени авторски дела.

Колективното управување се остварува во случаите кога не е можно индивидуално остварување на правата, поради карактерот на авторските дела и поради начинот на нивното користење.

Колективното управување се остварува и за исклучиви права што се остваруваат индивидуално, доколку со договор тоа право му е пренесено на ЗАМП од авторот, односно носителот на правото.

Бидејќи на Скопскиот фестивал за прв пат ќе бидат објавени авторски дела, МРТ треба да постапи согласно законот и условите предвидени во јавниот конкурс, односно за секое прво објавување на авторско дело договорно да ги уреди односите со секој автор по однос на првото објавување.

Доколку МРТ постапи согласно законот фестивалот „Скопје 2016“ може да се одржи.

Здружение за заштита на
авторски музики права ЗАМП